www.upoz.org.mk

Синдикален

# БИЛТЕН

СИНДИКАТ НА РАБОТНИЦИТЕ ОД УПРАВАТА, ПРАВОСУДНИТЕ ОРГАНИ И ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ НА Р. МАКЕДОНИЈА

СИНДИКАТ УПОЗ

БР. 45 (1) ЈАНУАРИ - МАРТ 2007

### ЗА ПРОБЛЕМИТЕ СО ПЛАТИТЕ ВО ПРАВОСУДНИТЕ ОРГАНИ

#ЌЕ ИМА ГЕНЕРАЛЕН ШТРАЈК

**Нема скоро ниту еден број од нашиот информатор „Синдикален билтен" во последниве двеипол години а да нема објавена некоја информација за активностите на синдикатот за проблемите на вработените, пред се во правосудните органи (и казнено - поправните установи) во кој не сме ве информирале за некоја активност со која се бара решение за зголемување на платите. Предлози, разговори договори, средба со поранешниот, средба со актуелниот министер за правда, „причекајте", „стрпете се", "тоа ќе го решиме со буџетот за наредната година" (секоја година), "претседателот на Судскиот буџетски совет не е надлежен за проблемите на судската администрација" (тогаш кој е). Ова се најчестите оправдувања на извршната и на судската власт.**
**До кога? Додека за нив нема пари во државата, платите на судиите секоја година растат (немаме ништо против). Што станува со платите на другите вработени. Доста ни е од сѐ. Сите средства на синдикална борба ги исцрпивме.**
**Ни остана уште ШТРАЈК-от.**




Во последниот број на нашиот Синдикален билтен, за проблемите на вработените во правосудните органи и казнено - поправните установи објавивме текст со наслов ПОСЛЕДНО ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ ДО НАДЛЕЖНИТЕ. Непотребно е повторно да ги прераскажуваме хронолошки сите активности кои се правеа со цел да се убедат одговорните за оправданите барања на синдикатот. Власта (и извршната и судската) како по обичај е глува.

Ниту последните предупредувачки писма упатени до министерот за правда Михајло Маневски, претседателот на Судскиот буџетски совет Дане Илиев и поединечното писмено обраќање до секој член на Советот, не беа доволни да ја разбудат нивната совест. Ниту еден од посочените не се почуствува одговорен да се јави, да ни даде некаков совет, да ни даде поддршка. Едноставно ги игнорираат барањата на судската администрација, за нив таа како да не постои. И што можеме повеќе да очекуваме од такви луѓе. Едноставно мораме да го кренеме нашиот глас и да им дадеме до знаење дека повеќе вака не може.

## ЧЕСТИТ ПРВИ МАЈ МЕЃУНАРОДНИОТ ДЕН НА ТРУДОТ

►►►►► 2

| Споредбени показатели за растот на платите на судската администрација за периодот 2002-2007 година | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 |
| Административен работник | - | 7.617,00 | 7.617,00 | 9.423,00 | 9.423,00 | 9.423,00 |
| Дактилограф А класа | - | 7.377,00 | 7.377,00 | 8.822,00 | 8.822,00 | 8.822,00 |
| Судска полиција | - | 9.133,00 | 9.133,00 | 9.133,00 | 9.133,00 | 9.133,00 |
| Курир | - | 6.221,00 | 6.221,00 | 6.221,00 | 6.221,00 | 6.221,00 |
| Чистач | - | 5.603,00 | 5.603,00 | 5.603,00 | 5.603,00 | 5.603,00 |
| Судија на Основен суд | 15.600,00 | 15.600,00 + 8.000,00 паушал | 23.600,00 | 33.191,00 | 34.012,00 | 37.848,00 |

1 ◄◄◄◄◄

Да им покажеме дека судската администрација постои, совесно и одговорно работи и заслужува подостоинствени плати.
Во меѓувреме и покрај цврстото ветување на министерот дека нема да има зголемување на платите на судиите додека не се зголемат платите на судската администрација, судиите добија уште едно зголемување на нивните плати кое им го овозможува Законот за плати и други надоместоци на пратениците во Собранието на РМ и другите избрани и именувани лица.
Мора да ни биде јасно дека до година тие повторно ќе добијат зголемување врз основа на овој закон.
Само за споредба, додека во изминативе пет години платите на судската администрација беше незначително зголемена (со декомпресијата која се применуваше 24 месеци и се однесуваше само на државните службеници), во истиот период платите на судиите неколкукратно се зголемија.
И веднаш да напомeнеме дека ниту вработените, ниту синдикатот се против платите на судиите.
Напротив, тие ги поддржуваат настојувањата на државата на носителите на правосудните функции да им доделат достојни плати на функцијата која ја извршуваат. Но апсолутно сме против и како вработени и како синдикат, платите на сите други вработени со години да остануваат на исто ниво.
Затоа ја бараме и поддршката од судиите кои многу добро знаат за овие проблеми, знаат како работи судската администрација.
На крајот на краиштата со ваквите непромислени чекори власта создава лоши меѓучовечки односи во правосудните органи, предизвикува незадоволство, бојкот на работата, лоши меѓучовечки односи...
Револтот меѓу судската администрација е огромен.
Како резултат на тоа беше и состанокот одржан во Синдикатот на УПОЗ на 28 март 2007 година со цел да се анализираат овие состојби и да се договорат натамошните активности - ШТО НАТАМУ?
Како никогаш досега на состанокот се слушнаа идентични мислења.
Трпението на луѓето попушти, со овие постапки некој намерно сака да ја предизвика судската администрација на штрајк.
Впрочем, освен зголемувањето на платите кое беше направено со декомпресијата и кое се однесуваше само на државните службеници и беше незначително,




сите зголемувања - три досега, судската администрација ги издејствува со штрајкови.
Најпрвин со штрајкот во 1997 година платите беа зголемени за 18 насто, потоа во 2002 година со штрајкот на јавната администрација тие беа зголемени во просек за 20 насто и по најавениот штрајк во февруари 2004 година беше направена декомпресијата.
Штрајк најверојатно ќе има.
До 15 март треба да се изјаснат сите синдикални организации во правосудните органи а потоа Претседателството на Синдикатот на УПОЗ на седницата од 18 април ќе донесе одлука за организирање Генерален штрајк во почетокот или кон средината на мај. Дотогаш им се остава простор на извршната и на судската власт да изнајдат решение.
Во средината на мај истекува и рокот што казнено - поправните установи му го дадоа на Министерот за правда да одговори на нивните барања по најавевениот штрајк за 14 март кој го откажаа со цел на надлежните да им дадат дополнителен рок за решавање на нивните барања.
Огромно е незадоволството и меѓу вработените во јавните обвинителства.
Деновиве Синдикатот на УПОЗ свика состанок на кој и тие треба да се изјаснат односно и тие да се приклучат кон штрајкот.
Одговорните кои неодговорно се однесуваа досега имаат доволно време да ги решат проблемите.
Ако нивната цел е да предизвикаат штрајк и „уво да не ги боли“ за ништо, ќе го добијат и штрајкот како соодветен одговор на незадоволство.

***Дел од писмото упатено до членовите на Судскиот буџетски совет (28.11.2007 година)***

# И вие можете да помогнете

...Синдикатот на УПОЗ повеќе од две години не може да оствари контакти и да разговара за проблемите на вработените во правосудните органи со претседателот на Врховниот суд како претседател на Судскиот буџетски совет. Неговиот одговор е дека тој не е надлежен за овие прашања иако членот 5 од Законот за Судскиот буџетски совет е дециден во поглед на неговите ингеренции.
Заради неговото игнорирање и одлагање на проблемите, огромно е незадоволството меѓу вработените што може да ескалира со бојкот на работите и штрајк...
... Веруваме дека и Вие ќе дадете личен придонес да го реализирате ова наше барање, во спротивно Синдикатот на УПОЗ ќе биде принуден да ги извести сите меѓународни синдикални организации во кои тој членува за тоа дека претседателот на Врховниот суд како претседател на Судскиот буџетски совет одбива преговори и прогласувајќи се за ненадлежен ги игнорира проблемите на вработените во судската администрација.
Тоа може да претставува лоша слика за Република Македонија особено во услови кога меѓународната заедница нема особено мислење за правосудните органи а Република Македонија е земја кандидат за членство во Европската Унија...

***Дел од писмото до Министерот за правда (28.11.2007 година)***

# Направете нешто конкретно

...Истовремено бараме од Вас како Министер за правда и член на Судскиот буџетски совет на првата седница на Советот да ги поставите проблемите на вработените во правосудните органи особено заради фактот што претседателот на Врховниот суд како претседател на Судскиот буџетски совет не сака да преговара со Синдикатот на УПОЗ.
Нерешавањето на проблемите и нивното одлагање и игнорирање може да предизвика и реакции на незадоволство меѓу вработените бидејќи повеќе од очигледно е дека меѓу нив постои огромно незадоволство што повеќе од две години никој не сака да разговара за нивните проблеми.

Веруваме дека ќе направите се што е во Ваша надлежност, преговорите навреме да отпочнат и проблемите заеднички да ги решаваме бидејќи тое е од заеднички интерес.

***Дел од писмото упатено до Дане Илиев, претседател а Судскиот буџетски совет 28.11.2007 година***

# Вие сте надлежен и морате да преговарате

...Истовремено сакаме да Ве известиме дека заради игнорирањето да разговарате за овие прашања, огромно е незадоволството меѓу вработените во правосудните органи заради што во судовите ќе има и бојкот во извршувањето на работните задачи и барање за организирање штрајк. И покрај се, сметаме дека ќе ги надминеме бариерите и Вие лично ќе покажете соодветно разбирање и ќе дадете свој придонес во разрешувањето на проблемите за кои сакаме да разговараме. Во спротивно сметаме дека ќе бидете одговорни за сите последици кои ќе настанат како и за предизвикувањето на генерален штрајк во правосудните органи.

Доколку не го прифатите нашето барање, ќе бидеме принудени да ги информираме сите меѓународни синдикални организации во кои членуваме, Меѓународната организација а трудот како и до Советот на Европа, што сепак не е наша цел...



**ОСМА СЕДНИЦА НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СИНДИКАТОТ НА УПОЗ 22.02.20007 ГОДИНА**

# Одлуката за работното време не се почитуваше

*

**Како (не)беше спроведена Одлуката на Претседателството на Синдикатот на УПОЗ за протест Против одлуката на Владата за утврдување на работното време (од 8,30 до 16,30) - беше главното прашање по кое се расправаше на Осмата седница на Претседателството.**

*

**Усвоен Извештајот за работа на Синдикатот на УПОЗ во минатата година и Програмата за работа за оваа година. Финансиските извештаи за работа на Синдикатот на УПОЗ и Солидарниот фонд во минатата години со позитивно салдо како и претходните години.**

Претседателството на Синдикатот на УПОЗ на својата Седма седница донесе одлука, почнувајќи од првиот работен ден во 2007 година, во знак на протес, да не се почитува одлуката на Владата со која беше утврден нов почеток на работното време.
Таквата одлука беше донесена врз основа на претходно спроведената анкета во синдикалните организации, кои без исклучок, се изјаснија дека се против новото работно време.
Но што се случи?
За ниту една своја акција досега не постоела таква едногласност во синдикатот а акцијата сепак не успеа.
Ова беше главното прашање кое членовите на Претседателството најчесто го поставуваа и бараа одговор на седницата. Најчеста констатација беше дека треба да се преиспитаме колку сме подготвени за посилни синдикални активности, кој и зошто потфрли? Дали е доволно да се подигнат два прста, да се изгласа одлука а потоа истата да не се спроведе.
Лажните искажувања дека „сме подготвени за протест" и дека „сите членови на синдикатот и другите вработени ќе протестираат", нанесоа повеќе штета на синдикатот.
По ваквите констатации беше искажан единствениот заклучок дека никој не смее да си поигрува со угледот на синдикатот и при донесувањето на одлуките никој не смее да презентира лични мислења и ставови кои не се вистински одраз на расположението и моќта на членството.
Имајќи ги предвид најавите на Владата дека наскоро ќе донесе одлука за нов почеток на работното време од 9,00 до 17,00 часот, не смееме повторно да одиме со иста таква акција и протест, беше констатацијата на членовите на Претседателството.
Во таа насока, ниту членството може да го поставува често поставуваното без основа прашање -„зошто не реагира синдикатот", затоа што и оваа акција покажа дека синдикатот е неговото членство. Според тоа колку членството е единствено и солидарно и колку тоа ги почитува одлуките, толку ќе бидат успешни неговите активности.
Во таа насока беа донесени неколку заклучоци за натамошното дејствување на синдикатот, доколку Владата продолжи да ги игнорира неговите ставови и забелешки:
да се извести Светската синдикална организација од јавниот сектор (ПСИ), Советот на Европа и Европската конфедерација на синдикатите, потоа да се соберат потписи и од граѓаните кои исто така не го прифаќаат новото време и да се достават до Владата.
И во оваа прилика, како што кажа еден од членовите на Претседателството, се покажа нашата стара болка - знаеме што сакаме (сите сме против новото работно време), но не знаеме како (да се спротиставиме).
Во секој случај, непочитувањето односно неспроведувањето на одлуката за протест против новото работно време не треба да не демотивира туку напротив уште повеќе да не обедини и мобилизира за натамошните активности.
Синдикалната борба тука не престанува.

## Од Извештајот за работа во 2006 година

Вкупните активности кои ги оствари Синдикатот на УПОЗ во минатата година всушност беа активности кои ги зацртаа делегатите на Петтото собрание кое се одржа на 11 јануари 2006 година.
Тие претежно беа насочени во насока на остварување на економско - социјалните права на членовите на синдикатот и подобрување на нивната материјална положба.
Во тој контекст, средиштето на активностите беше насочено кон остварување на правата кои произлегуваат од колективните договори, исплатата на платите и другите надоместоци, пружањето правна помош на членовите и




застапување пред судските органи, доделување на средства на членовите од Солидарниот фонд, едукацијата на членството, активности на полето на меѓународната соработка, спортот и рекреацијата и други активности. Поконкретно, минатата година беше и во знакот на активностите кои ги преземаше Синдикатот на УПОЗ како еден од сегментите во јавниот сектор на ССМ за потпишување односно усогласување на текстот на Општиот колективен договор за јавниот сектор.
Исто така значајни се и активностите кои беа правени за корекција на платите на државните службеници кои со декомпресијата на платите добија минимални зголемувања како и на платите на недржавните службеници судската администрација, судската полиција и вработените во КПУ. Сите овие процеси беа забавени и заради парламентарните избори во јули со што се изгуби време од пет - шест месеци пред и по избрите, до конституирањето на новата Влада. Кога на тоа ќе се додат и „100-те дена“ на новата Влада и покренување на активностите од почеток со новата Влада што е стара болест, лесно може да се заклучи зошто повеќе прашања и проблеми останаа нерешени. Првите контакти со министрите ветуваа некој оптимизам, но набрзо се виде дека како и со сите досегашни влади почеток е добар, но кога на маса ќе дојдат конкретните прашања, тогаш министрите или се многу зафатени со работни обврски, службено се отсутни, не се достапни и имаат „позначајни државнички работи“.

## Од Програмата за работа во 2007 година

Основните програмски цели и задачи за 2007 година усвоени на Петтото собрание ќе бидат основа и за сите активности кои ќе бидат покренати. Во фокусот на интересот ќе бидат пред се активностите кои ќе значат реализација на барањата на вработените - членови на синдикатот. Меѓутоа, мошне значаен елемент во остварувањето на сите активности ќе биде одговорноста и сериозноста во нивниот пристап на членството, синдикалните организации и нивните органи.
Подобрувањето на вкупната економско - социјална сигурност на членството ќе биде една од најкомплексните активности која ќе се одвива во насока на подобрување на условите за работа, заштитата при работа, учество во донесувањето на сите закони од непосреден материјален и социјален нтерес за членството, систематизациите на работните места и борба да се сочува секое работно место. Таквите заложби ќе дадат резултат со доследно почитување на социјалното партнерство и негово унапредување, доследна примена на осредбите од колективните договори и потпишување на колективните договори на трите нивоа: Општиот, Посебните (гранските) и Поединечните (на ниво на работодавач). Нивната реализација секако е условена и од успешноста за придобивање нови членови особено во оние средини каде сеуште нема синдикални организации, потоа навременото и квалитетно информирање на членството за сите позначајни активности.

## Финансиски успешна година

За финансиското работење на Синдикатот на УПОЗ и неговиот Солидарен фонд, на седницата извештај поднесе Надзорниот одбор. Неговиот претседател ги информира членовите дека по извршениот увид Надзорниот одбор констатирал дека со средствата домаќински се работело. Не се забележани некои аномали и недоследности во финансиското работење а како резултат на тоа забележан е и остаток на средства и во Синдикатот на УПОЗ и во Солидарниот фонд. Остатокот на средствата се пренесуваат за работа во оваа година. Без посебни забелешки членовите на Претседателството ги усвоија двата извештаи.
Значајно за работата на Солидарниот фонд во 2006 година е да се одбележи и тоа дека до Солидарниот фонд биле поднесени 211 барања од кои 173 биле позитивно решени и е доделена неповратна финансиска помош на членовите во износ од 1 371 509,00 денари како и 54 краткорочни позајмици во износ од 660 000,00 денари. Одбиените 38 барања се резултат на некомплетни документи или неисполнување на условите од Правилникот за Солидарен фонд.



# Други активности

Во периодот јануари- март меѓу другите активности беа остварени и повеќе работни состаноци со синдикалните организации на УПОЗ. На 22 Јануари беше остварена **работна средба со министерот за транспорт и врски Миле Јанакиевски.** На средбата на која присуствуваа претседателот Ванчо Муратовски, генералниот секретар Пецо Грујовски и претседателот на синдикалната организација на министерството Ѓорѓи Пакетчиев се расправаше околу актуелните проблеми на вработените, донесувањето на новата систематизација и можноста за враќање на работа 60 -тина вработени кои со децентрализацијата останаа без работа.
На 1 февруари беше одржан состанок на Секцијата на млади. На состанокот за претседател беше избрана Јасмина Дуриќ од Воената болница во Скопје.
На 2 февруари на состанокот на повереницие при **Фондот за здраствено осигурување** главна расправа се водеше во врска со најавата за намалувањето на надоместоците за исхрана и превоз. По средбата беше упатено писмо до директорот на Фондот а недоразбирањата беа надминати.
На 8 февруари беше остварена средба со **директорот на Управата за извршување санкции** на Синдикатот на УПОЗ и претставници на Казнено - поправните установи во врска со актуелните проблеми на условите за работа и платите и другите надоместоци. Истиот ден имаше состанок и со претставниците на синдикалната организација на **Собранието на град Скопје** околу настанатите проблеми на синдикалното организирање.
На 9 февруари беше одржан состанок со претставници на синдикалните организаци во чија структура на вработени има државни службеници. Се расправаше во врска со **иницијативата на Синдикатот на УПОЗ за предлогот за измени и дополнувања на Законот за државни службеници.** Проблемите околу непосредните контакти работодавач - синдикат и намалувањето на надоместоците за превоз и исхрана како и вредноста на бодот, беа главни прашања за кои се расправаше на состанокот одржан на 16 февруари **со директорот на Агенцијата за вработување** со претставници на Синдикатот на УПОЗ и претседателот на синдикалната организација на Агенцијата. Потоа се одржа и заеднички состанок со сите синдикални повереници од центрите за вработување во Македонија а се расправаше по истите теми.
На 19 февруари беше одржан **состанок со повереницитe на Казнено - поправните установи и Воспитно - поправните домови од Македонија** на кој се расправаше за барањето за подобрување на условите за работа и зголемување на платите и другите надоместоци кое е актуелно повеќе од две години. Претставниците на КПУ „Идризово“ за 14 март најавија штрајк заради неисполнување на барањата.
На 2 март на **Прес конференција** беше најавен штрајкот на вработените во КПУ „Идризово“ и КПУ - Штип ко ќе го поддржат и другите казнено -поправни установи.
На 1 март беше одржан состанок на **синдикалната организација на Локалната самоуправа на РМ.** На состанокот се расправаше околу натамошните активности за омасовување на организацијата, зачленување на припадниците на противпожарните бригади кои со децентрализацијата преминуваат во локалната самоуправа како и околу активностите за потпишување на колективниот договор за локалната самоуправа.
На 7 март беше одржан првиот **состанок** во 2007 година **на Организациониот одбор и Натпреварувачката комисија.** Се дискутираше околу организирањето на Тринаесеттите спортски игри и средби како и околу учеството на екипа на Синдикатот на УПОЗ на спортските игри на Синдикатот на државните службеници на Хрватска.

# Писмо до премиерот Никола Груевски

**Поради случувањата во синдикалниот живот во Република Македонија, сериозните проблеми што ги создава Владата со намерата да преговара само со еден нерепрезентативен синдикат, посебно за штетите кои ќе му се нанесат на меѓународниот углед на земјата, Сојузот на синдикатите на Македонија се обрати јавно до премиерот и Владата на Република Македонија.**

Во писмото се вели:

По Вашиот избор за претседател на Владата на Република Македонија, согласно демократската традиција на социјалниот дијалог и социјалното партнерство, очекувавме дека ќе оствариме средба со Вас.
За жал, до денес не остваривме никаква средба.
И не само тоа, туку запреа и преговорите за Општиот колективен договор за јавниот сектор.
ССМ е потписник на двата колективни договори на национално ниво и на колективните договори на гранско ниво. Општиот колективен договор за стопанство е потпишан меѓу ССМ и Организацијата на работодавачите минатата година. ССМ, како потписник на Колективниот договор за јавниот сектор, до Министерството за труд и социјална политика достави Предлог-текст...

...Затоа Ве прашуваме,

Како може на Сојузот на синдикатите на Македонија да му се оспорува легитимитетот за преговарање кога целото здравство, државна управа, правосудни органи и полицијата, имаат колективни договори произлезени од Општиот колективен договор, потпишан од Сојузот на синдикатите на Македонија. Не сакаме да веруваме дека ова е игнорирање на Сојузот на синдикатите на Македонија како социјален партнер во Република Македонија.
ССМ е вклучен во сите активности и мрежи во Меѓународната организација на трудот, Европската и Светската федерација на синдикатите.
...Сојузот на синдикатите, заради општиот интерес на државата, секогаш држел до ставот дека проблемите на државата, треба да ги решаваме преку перманентен дијалог со Владата и со работодавачите, низ институциите на системот. Тоа го правиме и сега.
Затоа очекуваме дека лично ќе се заложите за надминување на овој застој меѓу ССМ и Владата воопшто, и во тој контекст, за потпишување на Општиот колективен договор за јавниот сектор. Тоа е од заеднички интерес.

# Работни состаноци

Заради меѓусебно информирање и како можност за понепосредна комуникација и дел од активностите на Синдикатот на УПОЗ, во изминативе три месеци беа реализирани неколку работни посети и состаноци во неколку градови во државата.
Притоа на состаноците се расправаше за актуелните проблеми и активности и натамошното дејствување на Синдикатот на УПОЗ.
Такви средби беа остварени на 4 јануари во Струмица, на 17 јануари во Штип, на 23 јануари во Прилеп, на 29 јануари во Охрид, на 23 март во Радовиш и на 27 март во Берово.
На овие работни состаноци присуствуваа претседателите на синдикалните организации и повериниците на синдикалните подружници од споменатите региони. Ваквите посети и работни состаноци во изминатиот период беа оценети како мошне корисни заради комуникацијата со членството и меѓусебното информирање и како практика ќе продолжи и во иднина.
На овие работни состаноци присуствуваа претседателот Ванчо Муратовски и генералниот секретар Пецо Грујовски.

# Тринаесетти спортски игри и средби

Претседателството на Синдикатот на УПОЗ на својата Осма седница донесе одлука Тринаесеттите спортски игри и средби и годинава да се одржат во хотелите Метропол, Белви и Турист во Охрид од 31 мај до 3 јуни.
И годинава како и минатите години се очекува да учествуваат над 600 учесници од сите синдикални организации. Екипите ќе се натпреватуваат во седум дисциплини во машка, исто толку во женска конкуренција и една заедничка дисциплина.
Како гости ќе присуствуваат претставици од синдикатите од Шведска, Бугарија, Србија, Босна и Херцеговина, Црна Гора и Грција а за прв пат синдикатот од Хрватска ќе учествува со 50 - тина учесници.
Свеченото отворање е предвидено да биде на 31 мај 2007 година во 19,30 часот и се очекува на него да присуствуваат покрај учесниците и повеќе гости.
Тринаесеттите спортски игри ќезавршат на 2 јуни со свеченото прогласување на најдобрите по дисциплини и прогласување на најуспешната екипа како севкупен победник која ќе добие преоден пехар. Заради успешна подготовка на игрите сите синдикални организации информирани се во текот на март со барање навреме да го пријават чесвото на екипите и бројот на учесниците.



Првиот предавач Асс. М-р Лазар Јовевски од Правниот факултет „Јустицијан Први“ од Правниот факултет од Скопје пред слушателите зборуваше за **„Колективните работни спорови и нивното решавање“**.
Иако по оваа тема и досега било разговарано, сепак предавачот успеа комплексно и од повеќе аспекти да ги обработи проблемите на колективните работни спорови и како истите да се решат. Притоа предавачот посочи дека конфликтите преточени во колективен работен спор имаат двојна улога со тоа што, од една страна може да предизвикаат нестабилност во односите а од друга страна пак можат да продуцираат и напредок и да воспостават рамнотежа на друго ниво.
Затоа потребата од нивно разрешување е огромна и од тие причини колективниот работен спор е директно поврзан со колективното преговарање кое всушност претставува постапка и процес на усогласување на ставовите по пат на консензус меѓу претставниците на работниците и работодавачите (социјалните партнери) за прашања од работен однос.
Според предавачот, колективниот работен спор претставува и антитеза на социјалниот дијалог бидејќи тој се јавува кога нема социјален дијалог.
Оваа теза на предавачот мошне сликовито ја одразува нашата реалност со социјалниот дијалог во нашата држава како и тезата дека причините за отсуството на социјалниот дијалог можат да бидат најразлични а најчесто е заради недостаток на свест кај преговарачите, немање искуство или знаење, злоупотреба на својата моќ (Владата) како и политичките влијанија.
За синдикатот е добро оваа констатација да ја слушнат оние од „другата страна“ - работодавачите, во нашиот случај Владата, министрите и другите раководни структури кои имаат преговарачка функција.

Вториот предавач темата ја наслови како **„Што е најважно во животот а е поврзано со работното место“** а всушност се однесуваше на заштитата при работа. Оваа тема ја презентираше Борче Стојчевски од Македонското здружение за заштита при работа.

### Се одржа Осумнаесеттата синдикална школа

# Три предавања и многу нови сознанија

**Традицијата за синдикална едукација продолжува. Од 22 до 24 февруари 2007 година беше одржана Осумнаесеттата синдикална школа. Се одржа во Нов Дојран во хотелот „Истатов". Како и во изминатите години и овојпат се одржаа предавања на три актуелни теми. Веруваме дека сите три им дадоа нови сознанија на сите учесници и тие значеа ново искуство и погледи за синдикалната активност.**

Насловот на темата всушност беше и прашање кое предавачот го постави до сите учесници - дали покрај парите и трката по пари забораваме на основното - заштитата при работа на која за жал посветуваме многу малку внимание. Се покажа дека и оваа тема беше полн погодок бидејќи учесниците добија нови сознанија за тема на која и се посветува малку внимание - заштитата при работа.
Како што истакна предавачот, заштитата при работа е интегрален дел на работниот процес и основен предуслов за сигурност при работа.
Се почестите заболувања и отсуствата од работа треба да бидат сигнал за работодавачите да ги утврдат причините за повредите при работа, професионалните заболувања, другите видови болести и сл.


**IMPRESSUM**

**Гласило на Синдикатот на работниците од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани на РМ**

12 Ударна бригада 6б – Скопје, тел: 02/31–26–351; тел./факс: 02/32–30–829; www.upoz.org.mk
• Билтенот го подготвува и уредува: Пецо Груевски
• Подготовка за печат “Макформ”–Скопје
• Тираж 600 примероци


И третата тема им пружи на слушателите нови сознанија бидејќи за неа првпат се разговараше целосно и сеопфатно. Александар Илиќ од Меѓународната организација на трудот пред слушателите зборуваше за **„Мобингот (психолошки притисок) на работното место“**. Тој се обиде да даде одговор на прашањето што е мобинг дефинирајќи го притоа како психолошки терор, непријателски или неетички вид на комуникација што потекнува од едно или повеќе лица.
Поставувањето на оваа тема на Осумнаесеттата синдикална школа беше и со цел да се укаже на значењето на проблемот кој е се поприсутен и во нашата средина.
Како да го препознаеме мобингот на работното место? Тој е видлив и препознатлив и низ, да речеме, непристојното однесување на шефот кој се обидува да го натера подредениот да си даде отказ.
За да ја постигне целта тој најчесто ги напаѓа и малтретира еден по еден од вработените, додека не ја уништи целата група. Завршувајќи ја темата предавачот констатира дека една од главните причини за појавата на мобингот во некоја работна средина е и многу лошата работна атмосфера во која постои завист, злоба, непријателство и притисоци.
Присуството на големиот број учесници на синдикална школа беше искористен и за расправа по актуелниот проблем - работното време. Зошто не беше успешен протестот кога сите се спротиставуваат на новото работно време? Тоа беше прашањето на кое се бараше одговор. Изнесените ставови и мислења беа мошне корисни како синдикатот да ги води натамошните активности со цел успешно да се спротистави на било која неприфатлива одлука што ќе ја предложи Владата.
Расправа по актуелна тема, како што беше годинава темата за работното време, која за првпат беше поставена на оваа синдикална школа се покажа успешно од аспект на информираност на членството. Оваа практика треба да се применува и во иднина - во рамките на школата покрај трите предавања, да има и расправа по една актуелна тема.
На Осумнаесеттата синдикална школа учествуваа 140 - тина учесници кои на крајот добија дипломи.